# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk


**Бр. 13-2311/10 од** 25-06-2020 **год.**

Врз основа на Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна сосотојба (Сл.весник на РСМ, бр.89 од 03.04.2020), Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вонредна состојба (Сл.весник на РСМ бр.116 од 05.05.2020), член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година и програмата (ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 со Решение бр.08-10497/10 од 31.12.2019 година за Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј10, блок 5, Општина Кисела Вода - Скопје, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување на
Градска Четврт Ј10, блок 5, Општина Кисела Вода

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на Блок 5 од Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода – Скопје со одлука број 07-18/11 од 27.05.2014, движејќи се по оските на сообраќајници и тоа:

- На север оската на улица „Божидар Аџија",
- На исток по оската на ул.„Христо Татарчев" (ул.Сава Ковачевиќ) ",
- На југ по оската на ул.„Народни Херои"
- На запад по оската на ул.„Вера Јоциќ"

Опфатот е со површина од 5,86 ха.

Јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј10, блок 5, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со изложување на предлог

планот во барака 7, Голема сала, Општина Кисела Вода и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска Четврт Ј10, блок 5, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода .

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се спроведе во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 03.07.2020 година во 10:00 часот.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски